**Известување за концентрација со која Арицома Груп Интернатионал АБ, Стокхолм, Шведска, стекнува целосна контрола врз Мусала Софт АД, Софија, Република Бугарија (предмет бр. 08-112/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 12.08.2022 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Арицома Груп Интернатионал АБ (Aricoma Group International AB), со седиште на ц/о Аспиа АБ, Сандра Маттссон Флодмарк, 6350,102 35 (c/o Aspia AB, Sandra Mattsson Flodmark, Box 6350, 102 35) Стокхолм, Шведска, стекнува целосна контрола врз Мусала Софт АД (Musala Soft AD), со седиште на бул. Драган Цанков бр.36, Софија 1057, Република Бугарија.

Арицома Груп Интернатионал АБ Стокхолм, Шведска, е холдинг компанија која стекнува и управува со удели во оперативни компании. Ова друштво припаѓа на ККЦГ Групацијата.

ККЦГ Групацијата инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, нафта и гас, недвижности, индустрии и паметни технологии. Групацијата менаџира со повеќе од 30 компании во 18 држави во светот.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

- Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Сеавус ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - компјутерско програмирање; и
- Сеавус едукативен центар и развој ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - друго образование неспомнато на друго место.

Мусала Софт АД Софија се занимава со давање услуги во областа на информатичките технологии, развој и трговија со софтвер, истражување и развој, давање онлајн услуги, како и секој друг бизнис што не е изречно забранет со закон. Канцелариите на друштвото се наоѓаат во Бугарија, во Република Северна Македонија преку Друштвото за производство, трговија и услуги Мусала Софт ДООЕЛ Скопје со приоритетна дејност компјутерско програмирање, Косово и Египет.

Мусала Софт АД е софтверска компанија која обезбедува сложени софтверски инженерски услуги, испорака на сложени/големи софтверски проекти и ИТ консалтинг.

Релевантниот пазар на концентрацијата е пазарот на услуги од информатичка технологија („ИТ“) во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

15.08.2022 година
Скопје